Совет на Општина Делчево
Број 09-2935/2
07.09.2026
Делчево

ЗАПИСНИК
Од Свечената седница по повод
7 и 8 Септември-Денот на ослободувањето
на Делчево и Денот на независноста на РСМ

Седницата се одржа на 7 септември со почеток во 10.30 часот.

На седницата по повод 7 и 8 Септември-Денот на ослободувањето. на Делчево и Денот на независноста на РСМ присуствуваа членовите на Советот, Градоначалникот, делегација на Општина Черномељ, Р.Словенија, претставници на Македонската православна црква, претставници на АРМ и на Генералштабот, директори и раководители на локални и државни институции, претставници на невладиниот и бизнис-секторот и заинтерисирани граѓани и гости.

За оваа седница, претседателот го предложи следниот

Дневен ред

1.Обраќање на Претседателот на Совет на Општина Делчево, Николчо Стојменовски;
2.Обраќање на Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски;
3.Доделување на наградата 7 Септември на проф. д-р Трајан Гоцевски;
4. Доделување на плакети и благодарници по повод 7 и 8 Септември.

Во својот свечен говор посветен на 7 и 8 Септември, претседателот на Советот изрази благодарност на сите членови на Советот кои изминатиов период покажа дека се вистински борци за правата и барањата на своите сограѓани, на сите поранешни градоначалници и советници кои со својот личен ангажман, несебичен труд и залагање, дадоа значаен придонес во изградбата и развојот на Делчево.

–Денес им оддаваме почит на сите борци, на сите храбри луѓе и на сите семејства кои во тие тешки години поднеле болка, загуби и неизвесност. Им оддаваме почит на оние чии имиња ги знаеме, но и на оние чии имиња можеби не се запишани во учебниците, а сепак оставиле трага во историјата на нашиот град. Затоа што историјата не ја создаваат само големите настани. Историјата ја создаваат и обичните луѓе кога во тешки времиња ќе направат необичен избор. А, изборот на нашите предци бил – слобода, нагласи Стојменовски.

Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски во своето обраќање посочи дека секоја генерација има своја задача, а нашата задача е да продолжиме, да го чуваме она што е создадено.

-Да градиме врз тие темели и да создадеме услови за развој и вредности за оние што ќе дојдат по нас, бидејќи „Општеството расте кога луѓето садат дрвја под чија сенка знаат дека можеби никогаш нема да седат.“Градот под Голак, нашето Делчево е нашата света обврска и завет даден пред граѓаните дека ќе работиме неуморно да го вратиме сјајот на градот во кој се крие нашата младост, се ткае иднината на нашите деца и се чува приказната на нашите родители, минатото покрај немирната вода на река Брегалница. Тоа Делчево е нашиот мотив, како одговорна локална власта да донесеме развој и да ги испишеме новите страници од приказната за Делчево, каде што ќе живеат задоволни граѓани. Сите напори, обврски и предизвици изминативе 12 месеци се со заеднички именител: бескомпромисна работа и развој. Со поддршка од Советот на Општина Делчево испишуваме историја и докажуваме дека промените се возможни, дека може да се зборува и да се работи за една поинаква општина, нагласи Гоцевски.

На свеченоста беше промовирана и песната за Делчево од нашиот сограѓанин Дарко Тасевски и вокал на Филип Крстевски.

На Свечената седница беше доделена Седмосептемвриската награда за посебен придонес во научната дејност, придонес во развојот на високото образование, безбедносниот систем и македонската државност, како и афирмација на Општина Делчево во Република Македонија и во светот. Општинската награда „7 Септември“ за физичкото лице се состои од парична награда во износ од 20.000,оо денари и плакета.

Претседателот на Советот истакна дека Гоцевски е роден во с. Селник, Општина Делчево, а живее во Скопје. Тој е редовен професор на Филозофскиот факултет при УКИМ, носител на бројни државни и универзитетски функции, но и позиции поврзани со Делчево. Гоцевски бил долгогодишен декан на Филозофскиот факултет и член на Ректорската управа на УКИМ, министер за одбрана во првата Влада на Република Македонија, член на Советот за безбедност, раководител на неколку научно-истражувачки проекти од национален интерес и сл. Целиот свој живот го посветил на развојот на образованието, науката, културата, но и конституирањето на Република Македонија, како независна држава, како и на развојот на македонското општество.

Автор е на 90 книги и на над 285 стручни и научни трудови, монографии и статии објавени во македонски и многубројни странски списанијаИницијативата за добивање на наградата е поднесена по повод 76- годишнината од неговото раѓање и 50-годишнината од неговата општествена, државна, наставно-научна и публицистичка дејност, која остави неизбришливи траги во поновата македонска историја, но и во развојот на Делчево.

Воедно, градоначалникот Гоцевски додели плакети и за успешна соработка и поддршка на Општина Делчево на: министерот за одбрана, Владо Мисајловски, генерал-мајор Сашко Лафчиски, началник на Генералштабот на АРМ, пратеникот во Собранието на РМ и на Драган Ковачки, за континуирана поддршка на Општина Делчево.

По завршувањето на Свечената седница следуваше промоција на првиот том од 11 тома автобиографски белешки и анализи на проф.д-р Трајан Гоцевски

Седницата заврши во 11.30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски